"ЗЛАТНА БУБА МАРА НА ПОПУЛАРНОСТА"



*Изненадување на вечерта: Гоце, Трендо, Кили и Борјан ја испеаја италијанската партизанска химна*



*Пионерката Тијана од водителот Сашо и диригентот Џамбазов ја добива наградата за хит*

# Кили, Трендо, Борјан и Гоце Арнаудов-група на годината

"Златна Буба мара на популарноста" завчера во Универзалната сала промовираше нов бенд: Кили Поп Христов - клавир, Трендо - гитара, Борјан Јовановски - тапани и Гоце Арнаудов - вокал. Бендот се засили со хорот на старите артилерци "Кочо Рацин" и струмичките трубачи "Агушеви".

Пред да засвири новиот бенд, хорот со химната "Од Вардара па до Триглава" ја најави пионерката Тијана и хитот на годината "Све је исто, само њега нема". Со "Кочо Рацин" диригираше другарот Игор Џамбазов. Ова се главните ѕвезди на завчерашното наградување на популарните на радио "Буба мара".

Како водител не се појави Тони Михајловски. Актерот пред неколку месеци изјави дека веќе нема да ја води "Бубамарата", и си го одржа зборот. Организаторот Ранко Петровиќ се да обиде да докаже дека не е само Тони "Златна Буба мара". Како за прв пат, кумановскиот актер Сашо беше претпазлив. Помалку зборуваше, а главното шоу им го остави на поискусните. Сепак, му успеа да ѝ стане симпатичен на публиката за само неколку минути. Партнерка на сцената му беше малата Мартина Силјановска, нашата ланска преставничка на детскиот "Евросонг".



*Кили во најголемиот елемент падна од столчето: настап со Коце Икономов, кој доби награда за животно дело*



*Бремената Весна-Џогани се кршеше на сцената*

"Деветтиот конгрес на забава и дружење" течеше во знакот на Тито, "другарите и другарките", нивните идеали, петокраката како нивен симбол... Го отворија Бранка Станковска и Симон Беличанец, под мотото: "Разбуди го пензионерот во себе".

Од Србија дојдоа "Џогани фантастико" и Бајага. Бремената пејачка на "Џогани" успешно го изигра хитот "Чекаќу те код колима". Бајага не пееше. Неговите хитови ни ги претстави Џамбазов, а Момчило ја прогласи Каролина за најпејачка, и Влатко Стефановски за амбасадор на македонската култура. Тамара заедно, со Влатко од "Морал", ја испеа "Најдобри пријатели". Таа доби награда за најдобар албум, а Масевки за најпродуцент. Тоше е најпејач и има најдобар спот, "Архангел" е награден за најдобар концерт, Јанко е најпопуларен во јадење бурек, К-15 и "Звезекманија" се најемисии, Трендо најпопуларен водител... По претставата на актерите на "Буба мара", наградите се секогаш помалку важни.

*М.Џаровска Фото: В.Тануровски*

